Врз основа на член 383 став (1) точка 2) и член 483 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21 и 99/22), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распределба на добивката по Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се распределуваат средствата остварени како добивка по Годишната сметка за 2022 година во износ од 2.801.762 денари, утврдени во Извештајот на независните ревизори за финансиски извештаи на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје бр.05-3531/1 од 21.6.2023 година.

**Член 2**

Средствата од членот 1 од оваа одлука се распределуваат на следниот начин:
- нето добивка (остварена добивка по оданочување)
  2.801.762 денари,
- дел за задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) 5%
  140.088 денари и
- дел за дивиденда
  2.661.674 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Бр. 41-7272/ 11**
**19 декември 2023 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата